Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETEQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 04-182/6
26.01.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на 1 извршител - кандидат за административен службеник за работно место помошник раководител на сектор за Европска Унија**

1. За извршител на работно место - УПР 01 01 Б02 000, **помошник раководител на сектор за европска унија**, се избира кандидатот **Јане Вангеловски**.

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе биде донесено решение за вработување.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб - страната и на огласната табла на Агенција за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На барање на Министерството за локална самоуправа бр. 04-1659/1 од 28.07.2025 година, Агенцијата за администрација на ден 08.08.2025 година на својата веб страна и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", објави јавен оглас број 1007/2025 за пополнување на 1 работно место со 1 извршител. Со Решение бр. 10-2100/9 од 20.11.2025 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр. 10-206/1 од 12.01.2026 година од страна на директорот на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, по извршената административна селекција, подготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр. 10-2100/11 од 19.12.2025 година. На 12.01.2026 година, се спроведе испит за административен службеник и се подготви Записник од спроведен испит за административен службеник бр. 10-206/3 од 12.01.2026 година. Постапка за веродостојност на докази и интервју за административен службеник се спроведе на 20.01.2026 година, по што Комисијата за селекција за вработување подготви Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-206/4 од 20.01.2026 година.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата подготви конечна ранг - листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог кандидати за вработување по јавен оглас, бр. 10-206/5 од 22.01.2026 година, и истите ги достави до Министерството за локална самоуправа.

Врз основа на горенаведеното, Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

<u>ПРАВНА ПОУКА:</u> Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб - страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Државен секретар**
**м-р Јулијана Павковска Боцевска**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETEQEVERISJES LOKALE
Скопје-Shkup

Изработил: Елена Кузмановска Митревска

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk